Australian Macedonian
# TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1988 22 NOVEMBER 2024 FREE



# ШЕКЕРИНСКА ЗАМЕНИК ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА НАТО



150-ГОДИШНИНА ОД РАЃАЊЕТО НА КРСТЕ МИСИРКОВ

## ДОЛЖНИ СМЕ МУ УШТЕ ДА ГО ИСТРАЖУВАМЕ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Универзумот ја доби најубавата жена и се вика Викторија!




**Викторија Кјер Телвиг** од Данска е крунисана за Мис Универзум за 2024 година, со што стана првата Данка во историјата на овој престижен натпревар која ја освои оваа ласкава титула. 21-годишната Викторија, професионална танчарка, претприемачка и идна адвокатка, успеа да триумфира во конкуренција на 126 натпреварувачки во финалето што се одржа во Мексико Сити. Прва придружничка е Чидима Адецина од Нигерија, а втора придружничка Марија Фернанда Белтран од Мексико. Меѓу петте финалистки се најдоа Сушата Чуангсри од Тајланд и Илеана Маркез Педроза од Венецуела, која како мајка и учесничка во доцните дваесетти години испиша историја благодарение на новите правила на натпреварувањето.



На овогодишниот натпревар, инаку, за прв пат во 73-годишната историја на Мис Универзум им беше дозволено да учествуваат на жени постари од 28 години (лани беше одобрено да може да бидат и мајки). Имаше повеќе од 20 натпреварувачки постари од досегашниот лимит, а најстара учесничка беше Беатрис Њоја, Мис на Малта. 39-годишната мисица од Малта (родена во Камерун) е самохрана мајка на три деца која преживеала семејно насилство и соработува со локални невладини организации.




Кумановката Теа Ѓоргиевска (21) беше прва македонска претставничка во историјата на Мис Универзум




AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






## НЕВИДЛИВИ ЈАЗИЦИ:

# Изоставен македонскиот на меѓувладината конференција, во Македонија немало закон за албанскиот јазик!?




На меѓувладината конференција меѓу Македонија и Косово (во понеделникот) одржана во Приштина, по повод 15 години од воспоставување на дипломатските односи, беше забележан преседан – официјалните позадини, банери и информативни материјали беа презентирани само на албански јазик, без превод или употреба на македонскиот јазик кој според закон е единствен официјален јазик на државата за надворешна употреба. За споредба досега на меѓувладините конференции со други земји, како Црна Гора и Унгарија, практиката беше документите да се презентираат двојазично, на македонски и на јазикот на партнерската земја.

## Курти си игра таш*ци: Во Македонија албанскиот јазик не е под закана, зашто не е официјален!?

Од друга страна косовскиот премиер Аљбин Курти предизвика остри реакции од Али Ахмети и Бујар Османи затоа што изјави дека во Македонија албанскиот јазик не бил загрозен. А тој, пак, очигледно си играше со јавноста па одговарајќи на новинарско прашање на заедничката прес-конференција со премиерот Христијан Мицкоски, Курти за оспорените одредби од Законот за употреба на јазиците пред Уставниот суд на Македонија рече:

- Тоа е случај на Уставниот суд во С Македонија. Три одредби од Законот за употреба на јазиците се доставени до Венецијанската комисија. Тие три одредби парадоксално никогаш не се применети. Треба да чекаме правична одлука на Уставниот суд. Во С Македонија не може да се каже дека албанскиот јазик бил официјален и сега е загрозен. Тоа не е точно. Во Косово, иако Албанци се 93 отсто, а четири отсто е српско население, српскиот јазик е службен јазик. Но, во С Македонија не може да се каже дека албанскиот јазик е службен официјален јазик и сега е под закана, рече Курти.

Точно е дека во Македонија не постои закон што се вика „за албанскиот јазик", но албанскиот е целосно паралелен во државата: од цените во супермаркетите, етикетите на производите, упатствата во лековите... преку патоказите и официјалните табли на институциите па се до водењето на Собранието и објавувањето на сите закони во „Службен весник". Официјалноста на српскиот јазик во Косово не се гледа никаде освен со некаква лупа.

Инаку косовскиот премиер уште додаде дека не верува оти меѓуетничките разлики можат да предизвикаат повеќе конфликти на Западен Балкан.

- Ние сме една нација, Албанците каде и да се, имаме еден идентитет и еден јазик, но не можеме да имаме една политичка партија, заклучи косовскиот премиер кој на последните избори во Македонија ја поддржа коалицијата „Вреди" наспроти ДУИ.



# Парламентот во Канбера го тресат низа скандали, меѓу кои и наводи за сексуален напад

Одделот за поддршка на работно опкружување во парламентот во *Канбера* е основан откако владиниот извештај од 2021 година покажал дека секоја трета личност која работи во парламентот доживеала секусално вознемирување. Вработени во парламентот поднеле 30 пријави за сериозни повреди на работничките права, вклучувајќи и сексуални напади, пренесуваат медиумите, наведувајќи дека пармалентот се обидува да излезе на крај со овој бран на скандали. Парламентарниот Оддел за поддршка на работното опкружување е отворен во октомври 2023 година како доверлива служба за помош на вработените во сојузниот парламент. Во извештајот на овој Оддел се наведува во текот на првите девет месеци од работењето, од октомври 2023 година до јуни2024 година вкупно биле пријавени 339 случаи, а процесирани биле 30 пријави за сериозни прекршоци, вклучувајќи сексуални напади, вознемирување и застрашување, но не се прецизира дали некои од тие случаи се проследени до полицијата или се во фаза на судски процес. Една сенаторка изјавила дека во 2023 година била изложена на закани и агресивно била наговарана од колега сенатор да прифати неприкладни допирања.

# Најопасното растение во светот расте во Квинсленд

Луѓето ги преплавија социјалните мрежи ужаснати од растение кое со еден допир може да предизвика месеци на агонија. Добро запознајте ги нејзините карактеристики, и додека сте во природа не посегнувајте за овој лист кога вршите нужда во природа.

На социјалните мрежи кружи слика од „најопасното растение на светот", тоа е Dendrocnide moroides, познато и како *„Gympie-Gympie"*. Ова растение потекнува од источна *Австралија*, поточно од *Квинсленд*, а на фотографијата може да се види во кафез изграден околу сад. На таблата поставена пред неа пишува: *„Опасност! Еден допир може да предизвика деветмесечна интензивна пулсирачка болка!* Државната библиотека на Квинсленд објаснува дека растението е покриено со ситни влакненца кои делуваат како игли. Ако случајно го допрете тој дел од растението, ќе доживеете многу непријатен шок. Професорката **Ирина Ватер**, научник од *Квинсленд*, вели: *„Кога поминувате покрај неа, иглите се однесуваат како поткожни шприцови, продираат во вашата кожа и го вбризгуваат тоа што сега го сметаме за отров. Минималното времетраење на болката е околу шест до осум часа, но интересно е што оваа болка може да трае со денови, недели, па дури и месеци по изложувањето.*" **Вејн Фичер**, водич за планинарење низ северен *Квинсленд*, дошол во контакт со растението кога се обидел да го отстрани кога на него се нabодел ученик.

*„Се граничеше со агонија, а таа агонија, во различни степени, траеше четири или пет месеци пред да исчезне"* - рекол тој. *Сепак, растението би можело да има и важна цел. Професорката* Ватер открила дека *„убодот" на растението може „да не научи многу за тоа како болката воопшто функционира". „Упорната болка предизвикана од токсините на растението ни дава надеж дека можеме да ги претвориме овие состави во нови лекови против болки или анестетици кои имаат долготрајни ефекти"* - изјави таа.



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

### ЏЕЈМИ ОЛИВЕР НА МЕТА НА КРИТИКИ:

# Неговата книга за деца е повлечена од продажба




Познатиот британски готвач **Џејми Оливер** ја повлече својата детска книга *„Били и епското бегство"* по критиките дека е стереотипна за домородното население на *Австралија*, објави издавачот *„Пингвин Рендом Хаус"*.

Неговото дело, научно-фантастичен роман за деца, ја раскажува приказната за девојка Абориџинка која живее во згрижувачко семејство во близина на градот *Алис Спрингс* и е киднапирана од вештерка.

Девојчето тврди дека може да комуницира со животни и растенија, користејќи фрази кои не се согласуваат со реалните јазични и културни практики на домородните народи.

*„Јасно е дека нашите издавачки стандарди потфрлија во оваа прилика. Се договоривме со нашиот автор* ***Џејми Оливер*** *дека ќе ја повлечеме книгата од продажба*", соопшти издавачот.

**Оливер**, исто така, упати уште едно извинување до абориџините, велејќи дека немал намера никого да навреди, а претходно призна дека требало да се консултира со домородните експерти пред да ја објави книгата.

Книгата беше осудена од Националната корпорација за образование на абориџините и образовната корпорација за островите *Торес Стрит (NATSIEC)*, кои прво го повикаа **Оливер** да ја повлече книгата од продажба.

*NATSIEC* го обвини **Оливер** дека неговата книга придонела за стереотипно прикажување на домородната култура и дека покажува непочитување кон вистинскиот живот на Абориџините.

**Оливер** моментално е во *Австралија* каде ја промовира својата најнова книга за готвење *„Едноставно Џејми"*, каде пред критиките требаше да промовира нова книга за деца.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

### 150-ГОДИШНИНА ОД РАЃАЊЕТО НА КРСТЕ МИСИРКОВ

# Должни сме му уште да го истражуваме македонскиот јазик



На 18 ноември се навршија 150 години од раѓањето на Крсте Мисирков - човекот кој беше прогласен за најголемиот Македонец на 20. век, бидејќи во 1903 ги постави основите на кодифицираниот, на стандардниот македонски јазик (оформен 40-ина години подоцна).

Во чест на јубилејот се одржа тркалезна маса „Академскиот профил на Крсте Мисирков" на Институтот за македонски јазик во заедничка организација со Институт за национална историја, Институт за фолклор „Марко Цепенков" и Институт за македонска литература.

- Постоењето на македонската држава е факт, македонскиот јазик како литературен јазик е факт, прифатен во светот, и признат во највисоките лингвистички кругови и во највисоките славистички кругови. Прашањата што се поставувале тогаш еден дел се одговорени, меѓутоа еден дел некои од нашите соседи сè уште сакаат да ги негираат, рече директорката на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Елена Јованова-Грујовска.

- Сметаме дека и натаму треба да продолжиме со неговите истражувања бидејќи во неговите истражувања може да се најдат одговори на сите прашања коишто биле горливи и тогаш, а за жал се горливи и денеска. Па, имаме проблеми со докажување на нашето право на името, јазикот, идентитетот, фолклорот, традицијата, `позајмувањата`'од страна на соседите на делови од нашата историја итн. За жал, истите проблеми се провлекуваат ако ги читате неговите трудови со денешните состојби, рече професор д-р Билјана Ристовска-Јосифовска од Институтот за национална историја.

„Македонски пошти" издадоа поштенска марка со номинална вредност од 36 денари и тираж од 6.000 примероци. Дизајнер на марката е Лоран Куфало.


Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Beљановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


## ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА ПРЕДВРЕМЕНО РОДЕНИ БЕБИЊА ПОРАДИ ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ

Загадениот воздух во Македонија е еден од значајните ризик фактори за предвремено породување, истакна д-р Ирена Алексиоска Папестиев, директорка на Клиниката за гинекологија и акушерство (ГАК), на одбележувањето на Светскиот ден на предвремено родените бебиња – 17 ноември.

Според податоците, минатата година во Македонија биле регистрирани 604 предвремено родени бебиња, додека оваа година бројот е значително зголемен, достигнувајќи 681 предвремено породување и тоа со повеќе од 40 денови до крајот на бременоста.

Загадувањето на воздухот, особено во урбаните средини, веќе подолго време е препознаено како сериозна закана за здравјето на населението, а сега се покажува и како директен фактор што го загрозува најранливиот дел од популацијата – новороденчињата.

# Рекордно зголемување на буџетот за здравство - за вложувања во опрема, болници и реконструкции



Буџетот за 2025 година се претставува како развоен концепт кој носи суштински промени во здравството. Според предлог-буџетот, средствата наменети за здравство ќе изнесуваат 7.5 милијарди денари (околу A$200 милиони), што е зголемување од 25% во однос на 2024 година, кога беа предвидени 5.9 милијарди денари.

„Со овој буџет, Владата вложува значителни средства во изградба, реконструкција и доградба на здравствените објекти, како и во набавка на современа медицинска опрема за јавните здравствени установи. Нашиот приоритет е здравството да стане модерен систем што ќе ги задоволи потребите на граѓаните", истакнуваат од ВМРО-ДПМНЕ.

Како што информираат од партијата во предлог-буџетот се издвоени средства за реконструкции на ЈЗУ Општа болница Кичево, Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" во Охрид и Клиниката за хируршки болести „Св. Наум Охридски" во Скопје. Дополнително, продолжува изградбата на Клиничката болница во Штип, која претставува едно од предизборните ветувања на партијата. Предвидени се и активности за реновирање на Здравствениот дом во Скопје и Клиниката за психијатрија, заедно со други установи.

## Зеленчукот на пазарите за 50 отсто поскап од лани

Според податоците на Државниот за статистика (ДЗС) во земјоделството на Македонија на годишно ниво (октомври годинава – октомври лани) најмногу поскапел зеленчукот - за 47.7%. Цената на овошјето се зголемила за 6.8%, а на виното за 14.6%.

Цените, пак, на житарките (пченица и ориз) се намалиле за 11%, а на компирот за 3.9%.

На страната на трошоците најмногу пораснала цената на ветеринарните услуги за 9.5% и одржувањето на опремата и на зградите за 6.4%.

Намалување на цената, пак, е забележана кај ѓубривата за 6% и кај енергијата и кај семињата за 7.4%.

### Намален откупот и продажбата на земјоделски производи

Во третото тримесечје од годинава откупот и продажбата на земјоделски производи изнесуваат скоро A$124 милиони и во однос на истиот период од претходната година се намалени за 14.4 %, соопшти ДЗС.

Откупот на земјоделски производи од индивидуалните производители е намален за 19.5%, а продажбата на земјоделски производи од сопствено производство е намалена за 8.2 %.

Од вкупната вредност на откуп и продажба на земјоделски производи по групи, забележано е намалување на вредноста кај млечните производи, а зголемување кај рибата, лозарството и кај полјоделските производи.



# Државниот МЕПСО годинава нема веќе да дава спонзорства и донации




АД МЕПСО (Македонски електро-преносен систем) ги прекинува сите видови на донации и спонзорства до крајот на оваа година. Одлуката е донесена едногласно, на седница на Управниот одбор на АД МЕПСО, предводен од страна на генералниот директор Бурим Љатифи. Претходното раководство го пречекорило буџетот за спонзорства за 2024 за речиси преку A$260,000. Заеднички заклучок е дека трошоците и издатоците по оваа основа треба да се стопираат до следната 2025 година, кога овој процес ќе продолжи и понатаму да функционира, но на транспарентен начин и со детално почитување на критериумите предвидени за оваа намена, соопшти МЕПСО.

На листата од 33 поделени донации и спонзорства, најбројни се спортските клубови, а најголем дел од парите биле доделени на затворот „Идризово" во Скопје (A$158,000), на Здравствениот дом „Скопје" (A$80,000) и на ЈЗУ „Мајка Тереза" (A$76,000). Меѓу помалите спонзорства МЕПСО доделил, на пример, A$10,500 на Здружението за слобода на говор и професионално известување „Брианион" од Демир Хисар; нешто над A$3,000 на Здружението на граѓани за промоција „22 Нентор" (22 Ноември е Ден на азбуката на албанскиот јазик) а поддршка била дадена и на картинг клубот „Рено", школата за танц „Прима данца", фитнес клубот „Динамикс" од Кичево...




## НАЈСТАРИОТ АВТОМОБИЛ ВО МАКЕДОНИЈА

Најстарата кола во Македонија е син „фиат балила" од 1932 година. Носи регистерски таблички од Свети Николе а неговиот сопственик Стефан Ѓорчев раскажува како ова возило се нашло во Македонија.

- Возилото дошло во Македонија во 1956. Првиот сопственик ми се чини бил од Риека и тој тргнал на патешествие низ Југославија со тогаш веќе стар автомобил, меѓутоа во Македонија доживеал некаков дефект кој не можел да го отстрани, па се решил да го продаде возилото и да се врати дома со друг вид превоз. Тогаш автомобилот го купил Раде Мадиќ од Скопје, тогаш доста познат мотоциклист, после него го купил некој Сотир од Маџир Маало, по што завршило кај Стеван Милошевски, познат како Стево Атракција. После 50 години ова возило од него го откупив јас, вели Стефан Ѓорчев, колекционер на стари автомобили од Свети Николе.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# За четири часа полицијата приведе 12 лица поради дрога



На подрачјето на општина *Аеродром* во *Скопје* полициски службеници од Единицата за интервентна полиција и Единицата за недозволена трговија при *СВР Скопје* во периодот од 23:20 часот на 15.11.2024 до 03:50 часот на 16.11.2024 привеле 12 лица, соопшти МВР.

**Б.П.**(29) од *Скопје* бил приведен затоа што кај него биле пронајдени таблети, кај **Б.Ј.Р.**(21) од *Скопје* била пронајдена бела грутчеста материја, кај **А.С.**(21) од *Битола*, а со живеалиште во *Скопје*, била пронајдена бела прашкаста материја, кај **С.Т.**(23) од *Битола*, а со живеалиште во *Скопје*, била пронајдена таблета, кај **Н.Н.**(28) од *Куманово* бела прашкаста материја, кај **А.С.**(24) од *Прилеп* таблети, кај **Д.М.**(20) од *Битола* грутчеста материја, кај **О.С.**(30) од *Битола* прашкаста материја, кај **М.К.**(23) од *Битола* бела грутчеста материја, кај **И.К.**(21) од *Велес* таблета, кај **К.Л.**(31) од *Скопје* таблети и кај **Д.Р.К.**(24) од *Тетово* била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случаите, против лицата ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

# Лишен од слобода криминалец баран со потерница за казна затвор од 20 години

На 12.11.2024 на ул. *„Цумајска"* во *Скопје* полициски службеници од Оперативен тим потраги при *СВР Скопје* го лишија од слобода **Д.Б.** (45) од *Скопје*, кој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд *Скопје* за затворска казна во траење од 20 години, во врска со повеќе кривични дела по чл.235 ст.1 (кражба) од *КЗ*.

При преглед кај лицето пронајдени се фалсификувани хрватска патна исправа, лична карта и возачка дозвола. **Д.Б.** веднаш е предаден на надлежната казнено-поправна установа.

## По 11 години уапсен убиец од Пороj

Маж од село *Порој*, на возраст од 41 година, деновиве е лишен од слобода од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за општ и насилен криминал во соработка со *СВР Тетово* – Одделение за општ криминал. Лицето, идентификувано како **Ш.Ш.**, е осомничено за извршување на кривично дело „убиство", кое се случило на 12 октомври 2013 година на регионалниот пат од село *Пирок* кон село *Жеровјане*.

Нема појаснување зошто толку долго осомничениот не бил уапсен.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Актуелната влада со минимална поддршка



Според најновата анкета која ја спроведе агенцијата *Newspoll*, лидерот на сојузната опозиција **Питер Датон** има поголем рејтингот од актуелниот прајминистер **Ентони Албанезе**. Ова веројатно најмногу се должи на медиумскиот линч на **Албанезе** откога јавноста дозна дека купил нова куќа во *Централниот брег* во **Нов Јужен Велс** вредна $4.3 милиони, неговиот рејтинг достигна нов минимум. Примарната поддршка на коалицијата е порасната на 40 отсто првпат по изборите во 2022 година, а нето поддршката за **Питер Датон** сега го надминува **Ентони Албанезе**, според најновата анкета на *Њузпол*, која ја нарача весникот *„Ди Аустралијан"*.

Личниот рејтинг на прајминистерот достигна ново ниско ниво, а трката за лидерство се стеснува на најблиската маргина досега.

Овие резултати доаѓаат по изборите во *САД* и триумфалната победа на **Доналд Трамп**. Очигледно е дека сојузната влада не сметала на големото враќање на **Трамп** во Белата куќа, туку отворено играше на картата дека **Камала Харис** ќе ја добие претседателската трка. Во таа прогнозата, особено се посрамоти сегашниот амбасадор во *САД* и поранешен прајминистер **Кевин Руд**, кој не така одамна го нарече **Трамп** „идиот". За работите да бидат уште помизерни, нашиот амбасадор по победата на **Трамп**, ги избришал сите свои компромитирачки објави за него. Овој негов потег веднаш го објавија сите домашни медиуми, со што очигледно го доби епитетот - човек кој нема кредибилитет, а уште помалку го оправдува местото австралиски амбасадор во *Вашингтон*. **Албанезе** и понатаму ја држи водечката позиција на претпочитан прајминистер, но за сега **Датон** го делат само четири поени од преземање на оваа улога.

Додека лабиристите, според најновата анкета, се држат стабилно малку над нивните претходни примарани изборни гласови од 32.6 отсто, растот на поддршката за коалицијата претставува добивка од над четири поени во истиот период и се чини како сериозна закана, пред изборите кои треба да се одржат до мај следната година. Коалицијата исто така ја задржа својата предност од 51-49 отсто во однос на лабуристите.

Меѓутоа, оваа маргина не би била доволна за победа на следните избори, при што веројатниот резултат би бил „килав" парламент и малцинска лабуристичка влада.

Ветувањето на **Албанезе** до помладите гласачи со најавата за отплата на студентските долгови од $16 милијарди е популарно, но изминатите четири недели предизвикуваа главоболки за сојузната влада, во кои доминира-


NUMERIC ACCOUNTING
SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES
✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books
За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела
ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS
Accountant & Registered Tax Agent
Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com


ше дебатата за бесплатни луксузни награди на авио летовите за сојузните парламентарци. Реизборот на **Доналд Трамп** и импликациите на домашното политичко позиционирање, исто така, влијаеја на отворање на прашањето за силата на лидерството. **Албанезе** останува на 45 отсто како посакуван прајминистер, факт кој **Датон** веројатно и понатаму го фрустрира. Меѓутоа, поддршката на **Датон** пораснала за четири поени и сега изнесува 41 отсто, што е најмала разлика меѓу двајцата лидери од последните избори.

Нето рејтингот на **Албанезе** е на нов минимум откако тој стана прајминистер. Додека неговиот рејтинг останал непроменет на 40 отсто, процентот на оние кои се незадоволни од него се зголемил за еден поен и сега изнесува 55 отсто. Ова на лидерот на лабуристите му дава нето оценка од минус -15, што е негов најлош резултат досега. Рејтингот на одобрување на **Датон** е порастнат за два поени на 40 отсто, што во овој момент го изедначува со актуелниот прајминистер.

Неодобрувањето на работата на **Датон** е помало од тоа на неговиот ривал со 51 отсто, што на лидерот на опозицијата му дава поповолен нето рејтинг од минус -11, се вели во извештајот на *Њузпол*.

Уште една вест ја одбележа минатата недела. Имено, сојузниот министер за образование **Џејсон Клер** и министерката за комуникации **Мишел Роланд**, членови на кабинетот на **Ентони Албанезе** им пишувале на директори на училиштата и здруженија на родители ширум земјата, барајќи нивна помош за спроведување на национална забрана за пристап на социјални мрежи за помлади од 16 години.

Националната канцеларија на прајминистерот **Ентони Албанезе** го поддржал предлогот, законски да се одредени 16 години како минимална старосна граница за пристап до социјалните мрежи. Овој предлог ќе биде претставен во парламентот во наредните денови, и најверојатно ќе биде усвоен со поддршка на Коалицијата.

Во писмото испратено до групите кои ги претставуваат раководителите на училиштата и родители, министрите **Клер** и **Роуланд** потврдиле дека законот *„ќе го стави товарот врз платформите на социјалните медиуми, а не на родителите или младите, да превземат разумни чекори со кои ќе се осигури спроведување на новиот закон"*.

Најновиот предлог на актуелната сојузна влада сигурно ќе донесе одобрување на поширократа јавност, но мали се шансите реално да се подобри нејзиниот рејтинг ако се земе предвид дека и опозицијата го поддржува овој предлог во Парламентот.

## ФОТО ВЕСТ




***Пензионерското друштво „Вардар" од Перт, по повод денот на ослободувањето на Скопје, 13 ноември, организираше прошетка со брод до островот Ротнес. Таму го поминаа целиот ден во дружење, разгледување на убавините на островот и заеднички ручек.***

## СООПШТЕНИЕ

Македонското литературно друштво *Кочо Рацин – Мелбурн* соопштува дека на 5 декември 2024 година со почеток во 18.30 часот во просториите на библиотеката во *Мил Парк* ќе одржи промоции на две книги, тоа се книгите *Летот на мојата гулабица* – од **Светлана Јаневска**, чиј промотор ќе биде **Татјана Лазаревска** и романот *За хероината Гордана Димовска* од **Гордана Такец** а ќе ја промовира **Дона Димовски Кантаровски**. Се повикуваат сите љубители на убавиот македонски збор да присуствуваат на овој настан и да се запознаат со содржините на новите многу интересни литературни дела на **Светлана Јаневска** и **Гордана Такец**.

# Бајден ќе почне трета светска војна пред да замине




**Бајден** се обидува да ја ескалира ситуацијата *„до максимум"* со тоа што ѝ дозволи на *Украина* да нападне длабоко во *Русија*, вели руската пратеничка **Марија Бутина**. Руската пратеничка изјави дека администрацијата на претседателот **Џо Бајден** ризикува Трета светска војна доколку ѝ дозволи на *Украина* да користи оружје, произведено од *САД*, за да напаѓа длабоко во *Русија*.

– *Администрацијата на Бајден, се обидува да ја ескалира ситуацијата до максимум додека сѐ уште имаат моќ и додека сѐ уште се на функција* – рече **Бутина**.

Инаку, руската пратеничка била затворена во *САД* на 18 месеци, во 2019 година, откако се обидела да се инфилтрира во американските конзервативни групи за да ги промовира руските политички интереси околу изборите во 2016 година. Таа сега е пратеник на владејачката партија *Единствена Русија*.

– *Претпоставувам дека има некои луѓе во САД кои немаат што да загубат од која било причина или кои се надвор од мрежата до тој степен, што едноставно не им е грижа* – додаде таа.

– *Имам голема надеж дека* ***Трамп*** *ќе ја укине оваа одлука, ако таа е донесена, бидејќи тие сериозно ризикуваат почеток на Трета светска војна, што не е во ничиј интерес* – изјави таа.

**Бајден** во неделата ја укина забраната за истрелување американски ракети со долг дострел на руска територија дозволувајќи им да се користат против руските сили во регионот *Курск*. Американскиот претседател ќе ѝ дозволи на *Украина* да користи ракети *„Атацмс"*, од американско производство, кои имаат домет од 300 километри.

Претседателот **Владимир Путин** на 12 септември рече дека одобрувањето на Западот за таков чекор би значело *„директно вклучување на земјите од НАТО, САД и европските земји во војната во Украина"*, бидејќи воената инфраструктура и персоналот на *НАТО* ќе мора да бидат вклучени во таргетирањето и истрелувањето на проектилите. Кон крајот на октомври, **Путин** рече дека руското Министерство за одбрана работи на различни начини да одговори доколку *Соединетите Држави* и нивните сојузници од *НАТО* и помогнат на *Украина* да удри длабоко во *Русија* со западни ракети со долг дострел.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Русија може да одговори со нуклеарно оружје ако е нападната со западни проектили

Ако украинската војска употреби западно ненуклеарно оружје против *Руската Федерација*, тоа според новата доктрина би можело да доведе до нуклеарен одговор, изјави портпаролот на *Кремљ*, **Дмитри Песков**. Ова доаѓа откако **Владимир Путин** денеска ја ажурираше руската нуклеарна доктрина, за која **Песков** кажа дека би требала да биде добро проанализирана во земјата и во странство. *„Употребата на нуклеарно оружје е екстремна мерка, но ажурирањето на доктрината беше неопходно за да се усогласи со моменталната политичка ситуација"*, изјави **Песков**.



Според новата нуклеарна доктрина на *Русија*, секоја агресија од држава која не поседува нуклеарно оружје, ако е поддржана од нуклеарна сила, ќе се смета за заеднички напад врз *Русија*.

*„Русија може да користи нуклеарно оружје во случај на критична закана за нејзиниот суверенитет, дури и со конвенционално оружје, напад врз Белорусија или масовно лансирање на воени авиони, крстосувачки ракети, беспилотни летала или други десантни возила кои ги преминуваат руските граници"*, стои во новиот документ.

# Повеќе од 800 милиони луѓе во светот живеат со дијабетес




**Тедрос Аданом Гебрејесус**, генерален директор на Светската здравствена организација (СЗО), изјави дека повеќе од 800 милиони луѓе во светот живеат со дијабетес. Тој, исто така, истакна дека не секој има пристап до третманот и негата што им е потребна. *Ги повикуваме сите земји да инвестираат во политики кои поддржуваат здрава исхрана, физичка активност и здравствени системи кои обезбедуваат превенција, рана дијагноза и третман на сите на кои тоа им е потребно* – рече **Гебрејесус**.

## СООПШТЕНИЕ

# Традиционален пикник

Социјалното друштво *"Стив Наумов" –Логоварди* од *Мелбурн* ги известува своите членови и пријатели дека го организира традиционалниот пикник. Тој ќе се одржи на 15 декември во *Kyneton*, на местото од селото *Логоварди* со адреса *21 Fosters Lane Kyneton*. Сите се добродојдени.

За информации кај **Цане** Моб: **0421 756 880** или **Борче** Моб: **0409 960 342**

## СООПШТЕНИЕ

# Радовишка средба во Мелбурн

Во недела на 8 декември во 10 часот наутро ќе се одржи *"Радовишка средба"* во паркот кај *Yan Yean* резервоарот. Ова ќе биде убава прилика да се соберат на излет сите што се од *Радовиш* и околината и нивните пријатели од сите делови на *Македонија*. Сите се добредојдени. За повеќе информации кај **Ванчо Стефанов** на **0416 657 519**.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско• Македонски• Неделник•

Edition No. 1841 Year 37 • Tuesday, 19 November 2024 • Price $4.00 inc GST



ВО БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА ФАЛАТ НАД A$2.8 МИЛИЈАРДИ - ЌЕ СЕ ПОЗАЈМУВААТ!

ПРИМАРНАТА ПОДДРШКА НА ОПОЗИЦИЈАТА Е ПОРАСНАТА:

ВЛАДАТА НА АЛБАНЕЗЕ СО МИНИМАЛНА ПОДДРШКА

ТОШКОВСКИ: 15 ВИСОКИ ПОЛИЦИСКИ ФУНКЦИОНЕРИ ДОБИЈА ОТКАЗИ

ШОЛЦ ЗА ПРВПАТ ПО ДВЕ ГОДИНИ РАЗГОВАРАШЕ СО ПУТИН

МИЦКОСКИ: РЕТОРИКАТА НА ДУИ ЌЕ СТАНУВА СЕ ПОЖЕСТОКА

МЗ: ПОТРЕБНИ НИ СЕ НАЈМАЛКУ 1.000 ЛЕКАРИ – ИТНО И БЕЗ ОДЛАГАЊЕ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при рагање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Македонија сигурно ќе игра во баражот за СП 2026 ако во квалификациите нема повеќе од три изненадувања



Репрезентацијата на Македонија првпат во својата фудбалска историја забележа пет победи во низа со триумфот во неделата на дуелот со Фарски Острови со 1:0, во Скопје, во шестото коло на Лигата на нациите (ЛН), во лигата Ц. Со тоа македонската селекција на убедлив начин го заокружи настапот во лигата Ц, пласирајќи се во лигата Б, со освоеното прво место во групата 4 со израмнет рекорд на Лигата на нациите со 16 бода, девет повеќе од второпласираната Ерменија (еден помалку од рекордната разлика од победник на група до второпласиран).

Многу калкулации започнаа да се прават околу тоа дали Македонија има шанси да се надева за место во бараж за пласман на Светското првенство во 2026 година, и тоа врз основа на резултатите од Лигата на нациите.

Квалификациите за Мундијалот во 2026 година ќе се играат следната година, а групите ќе бидат познати по ждрепката која ќе биде на 13 декември. Првопласираните од секоја група директно ќе одат на завршницата на планетарниот собир, а второпласираните во групите ќе бидат дел од баражот.

Пресметките се многу јасни. Доколку се случи репрезентациите кои се дел од првиот и вториот барабан на крајот да ги освојат првите две места во своите групи од квалификациите, Македонија сигурно ќе обезбеди место во баражот за Мундијалот благодарение на резултатот од Лигата на нациите, и тоа според резултатите, како прва во тој бараж.

Тоа значи дека дури и да има три изненадувања во квалификациите, односно репрезентации кои се во првиот или вториот барабан, на крајот да не бидат на првите две места во квалификациите, за Македонија останува опцијата да игра во баражот преку Лигата на нациите.



UNL group-winner rankings (18 Nov)

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Spain | 6 | 5 | 1 | 0 | 13 | 4 | 9 | 16 |
| 2 | Portugal | 6 | 4 | 2 | 0 | 13 | 5 | 8 | 14 |
| 3 | Germany | 5 | 4 | 1 | 0 | 17 | 3 | 14 | 13 |
| 4 | France | 6 | 4 | 1 | 1 | 12 | 6 | 6 | 13 |
| 5 | England | 6 | 5 | 0 | 1 | 16 | 3 | 13 | 15 |
| 6 | Norway | 6 | 4 | 1 | 1 | 15 | 7 | 8 | 13 |
| 7 | Türkiye | 5 | 3 | 2 | 0 | 8 | 3 | 5 | 11 |
| 8 | Czechia | 5 | 2 | 2 | 1 | 7 | 7 | 0 | 8 |
| 9 | N. Macedonia | 6 | 5 | 1 | 0 | 10 | 1 | 9 | 16 |
| 10 | Romania | 5 | 5 | 0 | 0 | 15 | 3 | 12 | 15 |
| 11 | Sweden | 5 | 4 | 1 | 0 | 13 | 4 | 9 | 13 |
| 12 | N. Ireland | 6 | 3 | 2 | 1 | 11 | 3 | 8 | 11 |
| 13 | Moldova | 4 | 3 | 0 | 1 | 5 | 1 | 4 | 9 |
| 14 | San Marino | 4 | 2 | 1 | 1 | 5 | 3 | 2 | 7 |



MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### МИЛЕВСКИ:

## Гледајќи ја нивната минутажа, моите фудбалери – не се нормални!



Селекторот Благоја Милевски го анализира циклусот - едно реми и пет победи во низа во Лигата на нациите и тоа без примен гол - зборуваше за повеќе теми, а една од нив беше и минутажата на фудбалерите. Според него македонските играчи „не се нормални" поради својот перформанс, особено ако се согледа дека голем дел од стартниот тим не играат редовно во клупскиот фудбал.

- Приморани сме и во меѓувреме да бараме решенија за одредени позиции. Ростерот е тој, бројот на играчи кои би можеле да бидат конкурентни во европски рамки е тој што е. Овие момци навистина сметам дека не се нормални. Од првите единаесет, ако не грешам осум немаат минутажа во матичните клубови, а одиграа така и на таков начин против квалитетни ривали – навистина не се нормални.

Таа мотивација и желба им доаѓа од карактерот. Од тој аспект ова има уште поголема тежина тоа што го прават. Во безброј прилики кажував дека тие се тие играчи, никогаш нема да се откажам од нив. Во никаква натпреварувачка форма, со физичка форма која самите знаат како ја одржуваат, покажаа дека ментално сме најподготвени. Како резултат на слабата минутажа ни недостига поголема самодоверба и свесност за сопствените квалитети и потенцијал. Се надевам дека поголемиот дел ќе ги решат проблемите клупски и со тоа би имале бенефит како репрезентација. Емоции секогаш има и секогаш ќе има, затоа што го работиш тоа што најмногу го сакаш и ја водиш твојата репрезентација. Јас лично, секогаш работам со емоции. Во моментот кога повеќе ќе немам емоција, јас сам ќе си заминам од позицијата. Бидејќи е вака, јас останав по поразот од Манчестер, изјави селекторот.

## Раул Алонсо и официјално е нов тренер на Пелистер

Пелистер го претстави новиот тренер, шпанскиот ракометен стратег Раул Алонсо.

Алонсо стави потпис на договор од една ипол години со актуелниот македонски шампион и веќе го одработи првиот тренинг со ракометарите.

Се работи за искусен 45-годишен стратег кој дел од кариерата помина и во Германија каде работеше со екипите на Обернбург и Рајн Мен Бинен, беше дел и од стручниот штаб на Кил. Тој беше тренер и на Тирол, Мешков Брест и Ерланген.

Дебито на Раул Алонсо беше закажано во средата, во Лигата на шампионите против Фредериција.






## Роналдо сака да стане прв човек на бразилскиот фудбал и да го доведе Гвардиола како тренер



Роналдо, легендарниот напаѓач на Барса, Реал, Милан и Интер, како и на бразилската репрезентација сака да стане прв човек на фудбалската федерација во оваа јужноамериканска земја. Планира да се повлече од фудбалскиот клупски бизнис и да се посвети на други предизвици.

Претседателот на Фудбалскиот сојуз на Бразил, Едналдо Родригез (70) наскоро би можел да се повлече од таа функција, а медиумите одамна почнаа да шпекулираат за можни наследници. Како што објави шпански „Спорт", Роналдо има големи шанси да го заземе неговото место на изборите кои ќе се одржат во 2025 година.

Споменатиот весник пишува дека Роналдо има план да го доведе својот пријател Пеп Гвардиола на местото селектор на бразилската репрезентација, веднаш по завршувањето на мандатот на Пеп во Манчестер Сити на крајот од оваа сезона.

## Олимпијката Релиќ освои бронза на силниот турнир во Загреб - поени за ЛОИ 2028 во Лос Анџелес!



Македонската олимпијка во теквондо, Милијана Релиќ, освои бронзен медал на меѓународниот турнир од серијата Г1 во Загреб, со што го започна патот кон квалификациите за Олимписките игри во Лос Анџелес во 2028 година.

Релиќ поради високото рангирање беше слободна во првото коло, а во второто ја совлада Американката Хлое Чуа со 2:0 во рунди. Во четвртфиналето, по неизвесна борба и одлука на судиите, ја победи Србинката Наѓа Савковиќ со 2:1, прекинувајќи ја низата од три претходни порази против истата противничка.

Македонката во полуфиналето загуби од Шпанката Арлет Ортиз Бените, но нејзиниот настап и освоените поени ќе бидат значајни за светската и олимписката ранг-листа, како подготовка за Лос Анџелес 2028.

## Синер заработи нестварни US$11 милиони за неполн месец!

Јаник Синер на 19-ти октомври инкасираше нестварни 6 милиони американски долари за победата на егзибицискиот турнир во Саудиска Арабија, а неполн месец подоцна, Италијанецот придодава уште речиси 5 милиони долари во својата каса.

Во финалето на завршниот Мастерс во Торино, Синер го победи Тејлор Фриц со 6:4 и 6:4. Јаник победи на сите пет меча на завршниот Мастерс во Торино и ја доби максималната сума од 4.88 милиони американски долари, што во превод значи дека за нецел месец инкасираше речиси 11 милиони долари. Оваа сума е дополнителна награда за нивото кое го прикажува веќе некое време, а победата на завршниот Мастерс само потврдува дека е најдобар тенисер во светот во овој момент.

Тој оваа сезона освои Австралија Опен, УС Опен и сега Завршниот турнир. Сезоната ја завршува на првото место на АТП Листата.

Ако се додадат и Мастерс турнирите, вкупно осум трофеи имаа во оваа година.



ISSN 1442-195X

# КИРЈОС ПО ДВЕГОДИШНА ПАУЗА СЕ ВРАЌА НА ТЕНИСКИОТ ТЕРЕН



Австралискиот тенисер Ник Кирјос најави дека ќе се врати на теренот и ќе настапи на турнирот во Бризбејн кој започнува на 29 декември.

Поради проблеми со повредите на коленото и зглобот, Кирјос за повеќе од две години одигра само еден АТП натпревар, во 2023 година на турнирот во Штутгарт.

„Се чувствувам здрав и возбуден сум што ќе се вратам на тенисот … Беше долг пат на закрепнување за да бидам таму каде што сум денес“, рече Кирјос на прес-конференција во Бризбејн.

Неговите здравствени проблеми почнаа шест недели откако играше во финалето на Вимблдон и загуби во четири сета од српскиот тенисер Новак Ѓоковиќ.

„Искрено, веројатно се чувствувам најдобро што сум се чувствувал во последните две години. Играв неверојатно во 2022 година. Потоа дојде финалето на Вимблдон и УС Опен и тогаш почнав да чувствувам некои проблеми со зглобот. Имав операција и сега се чувствувам одлично“, рече Кирјос.

Кирјос во моментов нема пласман на АТП листата на која беше најдобро рангиран на 13. место.

Досега во кариерата австралискиот тенисер освои седум АТП титули.

